Член 2

Во Прилог 1 Образец П-СХВ, по зборовите: „печат и потпис“, како и по зборот: „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Во Прилог 2 Образец П-ДХВ, по зборовите: „печат и потпис“, како и по зборот: „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на податоците за издадените хартии од вредност.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-163/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

2401.

Врз основа на член 23 став (3) и став (7) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13 и 188/13), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ ПРОЦЕНТ НА УСПЕШНОСТ

Член 1

Во Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност („Службен весник на РМ“ бр.6/2007) во член 2 се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Известувањето од став 1 и 2 на овој член до Комисијата за хартии од вредност може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.“

Член 2

Во Образецот И-ЗЈП по зборовите: „печат и потпис“, како и по зборот: „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-164/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

2402.

Врз основа на член 24 став (2) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13 и 188/13), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ИСХОДОТ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.6/2007) во член 2 се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат: